Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 01-88/3
17.01. 20 25 год.-viti
Скопје-Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2024 ГОДИНА

*Скопје, јануари 2025 година*

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД .......... 4
2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ .......... 5
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ .......... 7
4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА .......... 8
5. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2023 ГОДИНА .......... 9
5.1. ДРЖАВНА МАТУРА .......... 9
5.2. ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ .......... 11
5.3. ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ .......... 13
5.4. СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ .......... 15
5.5. МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (PISA, TIMSS, PIRLS, TALIS, ICCS) .......... 16
5.6. НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ 20
5.7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ .......... 21
5.8. ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ .......... 22
6. УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ И ДРУГИ НАСТАНИ .......... 23
7. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ .......... 23
8. СОРАБОТКА .......... 24

Прилог: Финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2024 година

## 1. ВОВЕД

Државниот испитен центар (во понатамошниот текст Центарот) е формиран согласно Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18). Центарот започна со работа како јавна установа со својство на правно лице на 20.11.2009 година. Надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за Државниот испитен центар врши Министерството за образование и наука.

Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2024 година ги содржи информациите за реализираните активности и работни задачи во текот на годината. Во збирниот приказ се дадени спроведаните активности согласно Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2024 година, како и вонпрограмските активности и задачи доделени од Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука. Овој документ е подготвен со цел да се согледа реалната слика на постигањата од реализираните задачи согласно Програмата за работа на Државниот испитен центар и тој се изготвува врз основа на поединечните извештаи на вработените во одделенијата на секторите.

Извештајот се однесува на периодот јануари – декември 2024 година и се темели на приказот на реализираните активности во:

- Секторот за испити, ИТ и истражувања:
  1. Одделението за оценувања и испити;
  2. Одделението за ИТ и компјутерска обработка на податоци и
  3. Одделението за истражување, организација и развој.
- Секторот за обуки и издавачка дејност:
  1. Одделението за обуки и
  2. Одделението за издавачка дејност.
- Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи и
- Одделението за финансиски прашања.

Во секторите и одделенијата се реализирани задачи за: спроведување на екстерните испити на државната матура, спроведување меѓународни тестирања, спроведување на стручниот испит за наставници и стручни соработници, државното тестирање, обуките на кандидатите за директори, како и полагањето на испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

За остварување на работите од својот делокруг, Центарот согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и подзаконските акти кои произлегуваат од нив:

- доставува до Државниот матурски одбор Предлог-концепција за матура и завршен испит во средното образование, предлог-прагови за преодна и одлична оценка за екстерните испити на матурата, како и други документи кои се во негова надлежност;
- изготвува тестови и други испитни материјали за општообразовните предмети од матурата, кои се реализираат екстерно;
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднување на постигањата на учениците на екстерните испити од државната матура;
- дава стручна поддршка на наставниците во областа на сумативното оценување на учениците, подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит;
- врши организациски и технички задачи за спроведување на екстерните испити на матурата;
- обезбедува тајност при подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал;
- го организира, реализира и контролира процесот на оценување на тестовите од екстерните испити на матурата, како и процесот на решавање приговори;
- објавува резултати од екстерните испити на матурата;
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државниот матурски одбор;
- подготвува и спроведува меѓународни тестирања согласно меѓународно пропишаните процедури за нив и соработува со меѓународни институции од областа на оценувањето;
- подготвува и реализира државни тестирања во основното и средното образование;
- изготвува и ревидира испитни програми, тестови и други испитни материјали за предметите од државните тестирања;
- доставува до министерот Предлог-концепција за државните тестирања, со периоди, циклуси и области на тестирање;
- организира и спроведува стручен испит за наставници и стручни соработници од училиштата;
- издава уверенија за положен стручен испит;
- организира и спроведува основна обука за кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- го спроведува испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- учествува во изготвување на годишната предлог-програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници;
- ги објавува развојните и годишните програми за работа на училиштата, извештаите од спроведените самоевалуации, интегрални евалуации, извештаи за постигањата на учениците од училиштето на државни и меѓународни мерења, електронски на посебен веб-портал;
- врши избор, распределба, обука и/или координација на соработници;
- изготвува и издава стручни материјали и стручна литература од делокругот на своето работење;

- учествува во изготвување законски и подзаконски акти од делокругот на своето работење;
- врши и други работи утврдени со закон и со Статутот на Државниот испитен центар.

При извршувањето на своите работи, Центарот соработува со научни установи, воспитно-образовни институции и други сродни установи и институции во државата и во светот.

Центарот навремено ја информира јавноста за извршувањето на својата дејност.

## 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

Со Центарот управува Управен одбор составен од претседател и шест члена. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија, имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

Со работата на Центарот раководи директор, кој е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за образование и наука.

Директорот на Државниот испитен центар има заменик кој, исто така, е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија.

Центарот има Стручен колегиум кој го сочинуваат директорот на Центарот, заменик-директорот и раководителите на секторите, а по потреба и раководителите на одделенијата и други вработени кои ќе ги определи директорот на Центарот.

Организацијата на Центарот е уредена врз основа на Законот за Државниот испитен центар, Статутот на Центарот и Правилникот за работа и внатрешна организација на Државниот испитен центар.

Организациската структура на Центарот е следната:



## 4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Во Центарот се вработени 27 лица, кои се вклучени во организирање и реализирање на планираните програмски задачи.

Образовната структура на вработените во Центарот е следната:

| Стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| доктори на науки | 2 |
| магистри | 8 |
| високо образование | 11 |
| више образование | 0 |
| средно образование | 6 |
| основно образование | 0 |
| Вкупно | 27 |

Сите вработени, освен директорот и заменик директорот кои се именуваат од Владата на Република Северна Македонија, се вработени на неопределено работно време.

| Структура на вработените по звање | Број на вработени |
|---|---|
| раководител на сектор | 1 |
| раководител на одделение | 5 |
| советник | 9 |
| виш соработник | 1 |
| соработник | 0 |
| помлад соработник | 2 |
| самостоен референт | 4 |
| виш референт | 2 |
| референт | 0 |
| помлад референт | 0 |
| помошно-технички лица за обезбедување објекти и опрема | 3 |
| Вкупно | 27 |

Во 2024 година имавме спогодбено раскинување на договорот за вработување на позицијата помлад соработник за компјутерска обработка на податоци.

Поради сложената природа на работата во Центарот, одделни задачи се преклопуваат во повеќе организациски единици (сектори и одделенија), што наложува практикување тимска работа, односно постојана меѓусебна соработка на вработените.

# 5. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2024 ГОДИНА

Државниот испитен центар во 2024 година својата темелна активност ја насочи околу реализација на следните глобални задачи:

- подготовка и спроведување на државната матура;
- подготовка и реализација на основна обука за испит на кандидатите за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- организација и спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници;
- подготовка и спроведување на главното тестирање за државното тестирање во петто одделение во основното образование;
- подготовка и спроведување на лонгитудиналната меѓународната студија TIMSS во петто одделение;
- подготовка и спроведување на меѓународното главно истражување TALIS 2024;
- анализа на податоците од PISA 2022;
- подготовка и спроведување на пилот-тестирањето за PISA 2025;
- подготовка на испитните материјали за пробното тестирање за PIRLS 2026;
- учество во подготвување измени и дополнувања на законски и подзаконски акти.

Програмските активности на Центарот, како јавна установа, се спроведуваат согласно приоритетните политики на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар својата работа ја организира и врши по организациски единици – сектори и одделенија. Во продолжение, подетално ќе бидат прикажани активностите на Центарот за 2024 година.

## 5.1. ДРЖАВНА МАТУРА

Пријавувањето и подготовките за државната матура и во 2024 година започнаа согласно *Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование* и *Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование*. Во 2024 година, во базата на податоци за државна матура на Државниот испитен центар, за јунскиот испитен рок се пријавија да полагаат 14.834 кандидати, а за августовскиот испитен рок – 2.160 кандидати и се изврши верификацијата на податоците. За сите кандидати беа креирани и испечатени 2.623 протоколи, односно распореди на кандидатите за полагање по испитни простории и исто толку листи со бар-кодови за ученици. Согласно Планот со временската рамка за реализација на државната матура, беа изготвени тестови за 10 екстерни предмети.

Изготвувањето на испитниот материјал е многу сложена постапка составена од повеќе фази, и тоа: изработка на испитни задачи, подготовка на тест, техничко уредување на тестовите, превод на материјалот (на албански јазик и на турски јазик), лектура, процес на независно читање на тестовниот материјал и формирање конечни тестови. Потоа следуваат фазите: печатење и пакување на испитниот материјал, безбедно чување, дистрибуција на денот на испитот. Сите фази од подготовката на испитниот материјал се базираат на податоци од ИТ-системот за поддршка на државната матура (пријавување кандидати, верификација на податоците, изготвување распореди на кандидати по испитни простории, регистрирање и распоред на тестатори, евиденција на испитен материјал, кодирање, декодирање, резултати од државната матура, внесување на приговори, резултати од

приговори и сл.). За јунскиот и за августовскиот испитен рок беа испечатени вкупно околу 35.000 испитни комплети (тестови, листи за ученици и листи за оценувачи).

Испитите се реализираа согласно утврдениот календар за јунскиот и августовскиот испитен рок.

Во периодот 10.6.2024 – 25.6.2024 година се реализираше процесот на оценување во јунскиот испитен рок на три локации во Скопје, во кој учествуваа вкупно 181 оценувач. Во августовскиот испитен рок, во периодот од 14.8.2024 до 17.8.2024 се реализираше оценувањето на екстерните испити во кое учествуваа 63 оценувачи. Оценувачите, распределени во различни улоги, оценија 28.503 тест-книшки по сите предмети во јунскиот испитен рок и 2.203 тест-книшки во августовскиот испитен рок.

Процесот на приговори во јунскиот испитен рок се спроведе 5.7.2024 – 9.7.2024 година, а во августовскиот испитен рок од 20 до 22 август 2024 година. Формираните комисии, во текот на законскиот период за решавање, разрешија вкупно 745 приговори во јунскиот испитен рок, а во августовскиот испитен рок – 120 приговори.

Во периодот од септември 2024 година отпочна процесот на подготовките за државната матура во учебната 2024/2025 година. Државниот испитен центар во октомври 2024 година организираше работни состаноци со сите државни матурски предметни комисии на кои беа презентирани и дискутирани резултатите од државната матура во учебната 2023/2024 и беа дадени насоки за изработка на испитните задачи и тестовите за државната матура во учебната 2024/2025 година.

Во соработка со Бирото за развој на образованието се изготви нова испитна програма за државната матура по предметот Англиски јазик. За сите наставници кои предаваат во средните училишта беа организирани семинари со цел да се запознаат со новата испитна програма по овој предмет.

Покрај тоа, во 8 средни училишта, на примерок од околу 300 матуранти, беше спроведено пробно тестирање по Англиски јазик со цел да се тестираат новите видови задачи согласно новата испитна програма за овој предмет. За спроведување на тестирањето, беа обучени претставници од училиштата опфатени со тестирањето.

Со оглед на тоа што во четвртата година од средното образование претат имаше матуранти кои наставата ја следеле на српски јазик, односно предметот Српски јазик и литература го изучувале како мајчин јазик, како и матуранти кои предметот Италијански јазик го изучувале како втор странски јазик, беше неопходно да се направат измени во Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование. Односно во листата на мајчини јазици беше вклучен и предметот Српски јазик и литература, а во листата на странски јазици – Италијански јазик.

Во декември 2024 беше одржана обука за сите нови секретари на училишни матурски комисии за процедурите за пријавување на кандидати за државна матура во учебната 2024/2025 година.

**Резултати:**

- реализирана е државна матура во сите средни училишта во јунскиот и августовскиот испитен рок;
- извршена е анализа на податоците од државната матура за учебната 2023/2024 година;
- изготвен и објавен е Извештај од државната матура за учебната 2023/2024 година;
- изготвени се резервни тестови, тестови за јунскиот и тестови за августовскиот испитен рок во учебната 2023/2024 година;
- спроведена е обука за секретарите на училишните матурски комисии во врска со процедурите за пријавување и користење на софтверот за државната матура.

**Државна матура во учебната 2023/2024 година:**

- изготвен и објавен е Извештај од државната матура за учебната 2023/2024 година;

- подготвена е апликација за државна матура за августовскиот испитен рок;
- реализирана е обука со секретарите на училишните матурски комисии за спроведување на државната матура;
- верифицирани се конечните списоци со пријавени 14.834 кандидати за јунскиот испитен рок и 2.160 кандидати за августовскиот испитен рок;
- креирани, проверени и испечатени се 2.623 протоколи и 600 листи со бар-кодови за ученици, за оценувачи и резервни за двата испитни рока;
- подготвени се нови или ревидирани се веќе изготвени тестови за 10 екстерни испити (за јунскиот испитен рок, августовскиот испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) и технички уредени;
- испечатени се околу 32.000 теста, 32.000 листи за одговор од ученици и 32.000 листи за оценувачи (за јунскиот и августовскиот испитен рок);
- шифрирани се испитни материјали за 2.623 испитни простории;
- внесени се податоци, избрани и распределени се 2.000 тестатори и околу 250 набљудувачи по училишта;
- изготвен е план на локации за реализација на екстерните испити од државната матура и план за дистрибуција на испитен материјал за јунскиот и за августовскиот испитен рок;
- подготвен и доставен е распоред на кандидати по испитни простории, по предмет и училиште за јунскиот и за августовскиот испитен рок;
- спроведена е дистрибуција и прием на целокупниот испитен материјал за деновите на спроведувањето на испитите;
- извршен е прием на испитните материјали по спроведувањето на државната матура, распределен е материјал за процесот на оценување и приговори;
- евидентирани и дистрибуирани се 950 кутии со испитен материјал за оценување и нивен прием по процесот на оценување;
- креирани се шаблони за реализација на екстерните испити;
- оценети се 30.708 тест-книшки;
- скенирани се 61.412 листи од ученици и листи од оценувачи и извршена е верификација и корекција;
- обработени се податоци од јунскиот и од августовскиот испитен рок;
- спроведен е процес на запишување оценки и перцентили;
- подготвена е база за електронска достапност на резултатите од државната матура во јунскиот и августовскиот испитен рок;
- евидентирани, процесуирани и разрешени се 742 приговори од кандидати за двата испитни рока.

**Државна матура во учебната 2024/2025 година:**

- подготвена е апликацијата за државна матура за јунскиот испитен рок;
- спроведена е обука со секретарите на училишните матурски комисии за спроведување на државната матура;
- организирани се работни состаноци со сите државни матурски предметни комисии на кои се презентираа и дискутираа резултатите од државната матура во учебната 2023/2024 и, исто така, беа дадени насоки за изработка на испитните задачи и тестовите за државната матура во учебната 2024/2025 година;
- организирани се работни состаноци со секретари од средни училишта за реализација на државната матура во учебната 2024/2025 година;
- изготвени се испитни задачи од членовите на државните предметни комисии за 4 екстерни предмети, по два теста за секој предмет;
- изготвени и донесени се измени на Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование.

## 5.2. ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Организацијата и спроведувањето на државното тестирање во основното образование е надлежност на Државниот испитен центар, уредена со Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19). Според членот 133, ставот

1 од Законот, „Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на основното образование се проверува со државно тестирање кое се спроведува од Државниот испитен центар." Согласно Законот, во 2020 година, Државниот испитен центар на министерот за образование и наука му предложи *Концепција за државно тестирање во основното образование* и таа беше донесена од министерот со решение бр. 18-5737/1 од 12.6.2020 година.

Во 2024 година, преземени се значајни активности кои се основа за понатамошното квалитетно организирање и спроведување на државното тестирање. Согласно Концепцијата, во 2024 година Државниот испитен центар беше насочен кон:

1. дисеминација на резултатите од главното тестирање во трето одделение, спроведено во 2022 година;
2. главно тестирање во петто одделение (определување на психометриските карактеристики и селекција на задачи од преттестирањето во петто одделение; организација и спроведување на главното тестирање во петто одделение; оценување на тестовите и внесување на податоците од прашалниците од главното тестирање во петто одделение);
3. подготовки за нов циклус на тестирање во трето одделение.

**Резултати:**

Дисеминација на резултатите од тестирањето во трето одделение, реализирано во 2022 година:

- презентирани се резултатите од државното тестирање во трето одделение на настанот на Светска банка под наслов *Квалитет во основното образование – Стратегии за одлучност;*
- презентирани се резултатите од подрачјето Медиумска писменост во рамките на државното тестирање на конференцијата *Медиумската писменост во образованието.*

**Главно тестирање во петто одделение**

- определени се психометриските карактеристики на сите задачи кои се користени во преттестирањето во петто одделение;
- одржани се обуки со работните групи за читање на резултатите и селекција на соодветни задачи за главното тестирање во петто одделение за предметите: Математика, Македонски јазик и Албански јазик;
- уредени, лекторирани и испечатени се околу 3 000 теста и 5 000 прашалници за учениците, родителите, наставниците и прашалници за училиштата;
- прибрани се податоци и избран е примерок на училишта и ученици;
- подготвени се упатства за координатори и тестатори;
- избрани се училишни координатори, одржани се средби и обуки на училишните координатори и директорите на училиштата опфатени со примерокот;
- реализирано е главно тестирање во 120 основни училишта;
- изготвен е софтвер за внесување на прашалници и резултати од тестовите;
- обучени се оценувачи и оценети се околу 3 000 теста на македонски и на албански јазик;
- внесени се податоците од околу 5 000 прашалници за ученици, наставници, родители и директори на училишта и околу 3 000 теста на македонски и албански јазик;
- остварена е комуникација со одговорните лица од „Проектот за унапредување на основното образование".

**Преттестирање во трето одделение**

- избрани се 33 надворешни соработници – членови на предметните работни групи и 12 надворешни соработници – оценувачи за предметите Математика, Македонски јазик и Албански јазик за преттестирањето во трето одделение во 2025 година.
- остварена е комуникација со одговорните лица од „Проектот за унапредување на основното образование".

## 5.3. ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во Државниот испитен центар се организираат и координираат активности за спроведување основна обука на кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, организација и реализација на испитот за директори, како и организација и реализација на напредните обуки на актуелните директори со важечко уверение за директор.

Главната цел на обуката за директори во Државниот испитен центар е професионално оспособување на директорите за имплементација на усвоените промени во образованието, односно за успешно раководење со ново и современо училиште.

Основната обука за кандидатот за директор се спроведува со цел кандидатот да се стекне со потребните професионални компетенции за успешно организирање, раководење на воспитно-образовната работа и администрирање на работата во училиштето.

Државниот испитен центар објави 2 јавни конкурси за избор на надворешни соработници – обучувачи на кои беа избрани 6 обучувачи на македонски и 2 на албански јазик. На објавениот конкурс за обучувачи на албански јазик беа избрани само 2 (двајца) кандидати.

Во текот на 2024 година беа спроведени и успешно завршени обуки за 6 групи, и тоа 4 групи на македонски јазик и 2 групи на албански јазик. Обуките ги реализираа обучувачи избрани на јавен оглас.

На македонски јазик за основна обука се пријавиле вкупно 60 кандидати од кои успешно ја завршиле обуката 57 кандидати, а 3 кандидати се откажале. На албански јазик од 26 кандидати кои ја започнале обуката, 25 кандидати успешно ја завршиле обуката и ги исполниле условите за полагање испит.

Секоја обука се состои од шест едукативни модули кои кандидатите ги слушаат за време на викендите и за секој модул бранат семинарска работа. Обуката се смета за успешно завршена доколку секој кандидат задолжително присуствува на обуките за сите 6 модула и успешно ги одбрани семинарските работи, одделно, за секој модул.

Дел од обуките се реализираа во просториите на Државниот испитен центар, дел се спроведуваа во хотелот „Парк" во Скопје со цел овозможување посоодветни просторни и технички услови за кандидатите.

Со право на полагање испит, се стекнува кандидатот кој успешно ја завршил основната обука за директор, односно присуствувал на обуката и успешно ги одбранил семинарските работи за сите 6 модула.

Испитот за кандидатите за директори на основно, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет го спроведува испитна комисија составена од 5 члена, и тоа: претседател и четворица члена. Комисијата има и заменик-претседател и 4 заменици членови.

Оваа годинина, првпат, членовите на комисијата од универзитетите (2 члена и нивни заменици) беа избрани на јавен конкурс.

Беа изготвени и Процедури за реализација на испитот, потпишани од претседателот на комисијата и директорот на ДИЦ.

Во 2024 година беа спроведени 4 испитни сесии во месеците: февруари, мај, август и декември. Во сите 4 сесии испитот го положија (сите три дела) вкупно 84 кандидати.

За сите кандидати кои ги положија трите дела од испитот, беа изготвени уверенија за положен испит за директор. Уверенијата беа достапни за подигнување од кандидатите во просториите на Државниот испитен центар.

За сите кандидати кои се стекнале со уверение за положен испит за директор во Државниот испитен центар, континуирано се ажурираше онлајн-базата (регистар) која се наоѓа на веб-страницата на Државниот испитен центар.

Директорите кои ќе се здобијат со уверение за положен испит за директор имаат обврска континуирано да се надградуваат и професионално да се усовршуваат. Главната цел на програмата за напредна обука е надградување на усвоените професионални компетенции на директорите во основните и средните училишта, ученичките домови и отворените граѓански универзитети за доживотно учење, како и нивно ефективно користење во секојдневната работа за успешно раководење со училиштето, училишниот дом или граѓанскиот универзитет. Секој актуелен директор треба да посетува 4 обуки годишно по 8 часа за секоја обука поединечно, односно 32 часа годишно.

Државниот испитен центар на својата веб-страница неколкупати во годината објавуваше отворен јавен повик за пријавување за следење напредни обуки. Услов за да се следи една обука на одредена тема беше да се пријават минимум 20 кандидати за неа.

За следење напредни обуки во 2024 година се пријавиле вкупно 321 кандидат, од кои 28 кандидати не ги исполнувале условите за следење на напредните обуки.

Напредните обуки се реализираа во хотелот „Парк" – Скопје за време на викендите, континуирано во текот на 2024 година. Реализирани се вкупно 38 обуки од различни области/теми (8 различни теми на македонски јазик и 5 на албански јазик).

**Резултати:**

- одржани се вкупно 6 (шест) обуки на македонски и на албански јазик за кандидатите за директори на основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење и нив ги следеа вкупно 86 кандидати. Четворица кандидати не ги завршија сите модули од обуките;
- изготвени и обезбедени се соодветни работни материјали за обука на македонски јазик и на албански јазик на 86 кандидати за директори;
- распишани се 2 конкурса за избор на надворешни соработници – обучувачи за основна обука и избрани се 6 обучувачи на македонски и 2 обучувачи на албански јазик.
- распишан е конкурс за избор на надворешни соработници – членови и заменици членови на комисијата од факултетите и избрани се 2 члена и 2 заменици членови на комисијата;
- спроведени се 4 испитни сесии во кои испитот го положиле 84 кандидати и се стекнале со Уверение за положен испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- изготвени и издадени се уверенија за положен испит за директор на 86 кандидати кои успешно ги положиле испитот за директор;
- изготвени се процедури и интерни документи за реализација на испитот за директори;
- изготвени се процедури и интерни документи за реализација на напредните обуки на актуелните директори;
- реализирани се 38 напредни обуки на актуелните директори (со минимум по 20 кандидати за различни теми и јазици);
- одговарано е на дописи од физички и правни лица во врска со обуката и испитот за директор;
- водена е континуирана евиденција и документација за кандидатите кои ја следат обуката и го положиле испитот (во интерна електронска база на податоци и во вид на досиеја во тврда копија).

## 5.4. СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20) и Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), една од надлежностите на Државниот испитен центар е и спроведување стручен испит за наставници и стручни соработници. Целта на стручниот испит е да се провери дали кандидатот во текот на приправничкиот стаж се оспособил за самостојно вршење воспитно-образовна и стручна работа и дали ги совладал компетенциите кои се потребни за еден наставник/стручен соработник.

Стручен испит полагаа кандидати кои го реализирале приправничкиот стаж согласно новите правилници – Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот; Правилник за формата, содржината и елементите на Програмата за поддршка на приправникот и Извештајот за совладување на основните професионални компетенции и неговата подготвеност за полагање на стручниот испит и Правилник за начинот на спроведувањето на стручниот испит и Програма за полагање на стручниот испит на приправникот.

Постојат и кандидати кои приправничкиот стаж го завршиле пред 1.9.2020 година и тие испитот го реализира согласно старите правилници.

Во Државниот испитен центар во 2024 година, стручниот испит се реализираше во три испитни сесии, и тоа:

- во март се реализираше одложената испитна сесија од есен 2023 година, на која се пријавија 699 кандидати;
- во април и мај се реализираше пролетната испитна сесија за 2024 година, на која се пријавија 544 кандидати и
- во октомври и ноември се реализираше есенската испитна сесија за 2024 година, на која се пријавија 559 кандидати.

За 1.686 кандидати, кои се пријавиле и ги исполнувале условите за полагање стручен испит, беше организиран испит. За оние кандидати кои го положиле испитот, изготвени се уверенија за положен стручен испит кои можат да ги подигнат во просториите на Државниот испитен центар.

За кандидатите кои, по констатација на комисијата за полагање стручен испит, не ги исполнувале условите за полагање, беше изготвен допис до училиштата со наведени причини за неисполнување на условите.

Реализацијата на стручниот испит беше комбинирана, односно комисијата беше вклучена онлајн, а наставниците со учениците беа во училиште. Исклучок беа училиштата со посебни образовни потреби и наставниците кои предаваат практична настава каде испитот беше спроведен со физичко присуство во училиштата.

Стручниот испит се реализираше од комисии за спроведување стручен испит формирани од директорот на Државниот испитен центар во состав: наставник од училиште по соодветен предмет, претставник од БРО/ЦСОО и претставник од ДИЦ.

**Резултати:**

- изготвено е известување (јавен повик) за полагање стручен испит за наставници и стручни соработници - пролетна и есенска испитна сесија;
- ревидирани се урнеци на записници, извештаи, формулари и други документи кои се потребни за успешна имплементација и реализација на стручниот испит;
- ревидирани се деталните процедури за полагање стручен испит;

- примени се документи од 1.003 кандидати за стручен испит за двете испитни сесии и за секој кандидат е направено посебно досие;
- направена и ажурирана е електронска база на податоци за сите кандидати кои се пријавиле за стручен испит за пролетната и есенската испитна сесија;
- ажурирани се решенијата за комисии за стручен испит за основни и средни училишта;
- изготвени, архивирани и испратени се дописи со детални образложенија за кандидатите за стручен испит кои не ги исполнуваат условите за полагање;
- контактирани се сите 1.802 кандидати кои се пријавиле за полагање на стручниот испит за сите три испитни сесии (есен 2023, пролет 2024 и есен 2024 година);
- организирани и спроведени се испити за 1.686 кандидати кои исполнувале услови за полагање во трите испитни сесии;
- изготвени, архивирани и издадени се уверенија за положен стручен испит на кандидатите кои успешно го положиле испитот;
- изготвени се записници од испитот за секој кандидат кој полагал стручен испит и тие се архивирани и внесени во електронската база;
- изготвени се извештаи од испитите по предмети и извештаи за исплатата на членовите на комисиите;
- одговарано е на дописи во врска со спроведување на стручниот испит;
- контактирано е преку дописи, по телефон и лично со физички лица и надлежни институции во врска со стручниот испит.

## 5.5. МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (PISA, TIMSS, PIRLS, TALIS, ICCS)

Државниот испитен центар во 2024 година реализираше активности за меѓународните студии:

- TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study);
- PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study);
- PISA (Programme for International Students Assessment);
- TALIS (Teaching and Learning International Survey);
- ICCS (International Civic and Citizenship Education Study).

**• PISA**

PISA (Programme for International Students Assessment) е најголема светска меѓународна студија во образованието која ги мери способностите и знаењата на учениците на крајот од задолжителното образование, односно се мери подготвеноста на учениците за живот на возраст од 15 години во три подрачја:

- Оспособеност за читање со разбирање – и критички пристап во читањето пишани материјали;
- Математичка писменост – читање, интерпретирање и решавање даден проблем со организирање и толкување на дадени информации и избирање метод за решавање;
- Писменост во природните науки – препознавање научни прашања, користење научни знаења, идентификување на содржината во научните истражувања и поврзување на научните податоци со докази и заклучоци.

**PISA 2022**

Во 2024 година изготвена е длабинска анализа на податоците од Р.С. Македонија во ПИСА 2022 и подготвени и објавени се два национални извештаи во кои се дадени и препораки за подобрување на резултатите. Во врска со овие сознанија, организирана е презентација и дискусија со претставници од ДИЦ, БРО и МОН.

Исто така, подготвена е и длабинска анализа и изготвен и прифатен е труд на тема: *Учeничките идни образовни патишта и нивните професионални аспирации*, кој беше презентиран на меѓународна конференција во Рим, Италија.

**Резултати:**

- изготвена е анализа на податоците потребни за националниот извештај од PISA 2022;
- дисеминација на резултатите од PISA 2022 со претставници од ДИЦ, БРО и МОН;
- изготвен и објавен е Национален извештај за постигањата на учениците од РСМ во PISA 2022;
- изготвен и објавен е Национален извештај за резултатите на PISA 2022 – Читање со разбирање – резултати и предизвици;
- подготвен, прифатен и презентиран е труд на тема: *Учeничките идни образовни патишта и нивните професионални аспирации*, на меѓународна конференција во Рим;
- остварена е континуирана комуникација со ОЕЦД во врска со спроведување на студијата.

**PISA 2025**

Во периодот од септември до октомври 2024 година, Центарот го спроведе пилот-тестирањето за PISA 2025.

**Резултати:**

- одржани се состаноци и обуки на националниот координатор за спроведување на активностите;
- одржани се обуки за училишните координатори од средните училишта кои беа избрани во примерокот за пилот-тестирањето;
- преведени и лекторирани се испитни материјали, прашалници и упатства за училишните координатори и тест-администраторите;
- спроведено е пилот-тестирањето во примерок од 40 средни училишта со ученици на 15-годишна возраст;
- избрани се оценувачи и завршено е оценувањето на сите испитни задачи решавани од учениците во пилот-тестирањето;
- учество на меѓународниот состанок на националните координатори во Мелбурн, Австралија;
- остварена е континуирана комуникација со МОН и ОЕЦД во врска со студијата.

**• TIMSS 2023**

TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study) е меѓународна студија по математика и природната група предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и природната група предмети кај нас во четврто одделение. Преку прашалниците за учениците, наставниците и директорите се добиваат резултати за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и систематското уредување на образованието влијаат врз постигањата на учениците.

Математичките знаења, како и знаењата и способностите по физика, хемија, биологија и географија, се клучни за интелектуалниот раст на секој поединец, како претпоставка за понатамошно успешно образование и професионален напредок. Затоа и целта на учеството на нашата држава во оваа студија е креаторите на образовната политика и истражувачите во полето на образованието да знаат колкаво е нивото на математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците на крајот од четвртото одделение и кои фактори влијаат на тие постигања.

Мерењето на постигањата во оваа студија има две димензии: содржинска и когнитивна.

Во 2024 година се работеше на прочистување на податоците од главното TIMSS 2023 тестирање, подготовка, организација и спроведување на лонгитудиналното TIMSS 2023

тестирање во 150 основни училишта (обука на училишните координатори, внесување на податоците од прашалниците за родители, обука на оценувачите, оценување на отворени ајтеми, прочистување на податоците од лонгитудиналната TIMSS-студија, подготовка на бази и испраќање во ИЕА), подготовка на текст за Р С. Македонија за TIMSS Енциклопедијата, анализа на податоците од TIMSS 2023.

**Резултати:**

- организирани се информативни средби со претставници од БРО за спроведување на лонгитудиналното тестирање;
- подготвен е софтвер за лонгитудиналното тестирање;
- реализирани се обуки за спроведување на лонгитудиналната студија со претставници од училиштата опфатени во примерокот;
- подготвен е план за спроведување на лонгитудиналното тестирање;
- реализирано е лонгитудинално тестирање во 150 основни училишта, на примерок од околу 4.500 ученици опфатени со примерокот;
- реализирана е обука на оценувачи за оценување отворени ајтеми;
- оценети се сите отворени ајтеми на македонски и на албански јазик од учениците опфатени со лонгитудиналното тестирање;
- испечатени и дистрибуирани се прашалници за родителите; пополнетите прашалници се прибрани и внесени во базата;
- прочистени се податоците, кодирани, верификувани и испратени во ИЕА, каде што беа прифатени базите од лонгитудиналното тестирање;
- анализирани се податоците од Р С. Македонија од главното тестирање и подготвена е презентација со главни наоди;
- подготвен, прифатен и објавен е текст за Р С. Македонија во TIMSS Енциклопедијата;
- остварена е редовна комуникација со ИЕА во врска со TIMSS 2023;
- остварена е редовна комуникација со МОН во врска со TIMSS 2023.

**• PIRLS**

PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study) е меѓународна студија за мерење на постигањата на учениците во Читање со разбирање, односно оспособеноста за читање на 9 до 10-годишна возраст. Оспособеноста за читање со разбирање кај секое дете ја обезбедува основата за нивно понатамошно учење и развој, како и вклучување во непосредната околина и пошироко во општеството. Целта на учеството во оваа студија е да се добијат валидни податоци поврзани со читањето: процесот на разбирање, целите заради кои учениците читаат и навиките и ставовите за читањето.

Во 2024 година се работеше на подготовката на испитните материјали за пилот-тестирањето кое ќе се спроведе во 2025 година, како и на финализирањето на посебниот извештај за Балканскиот Регион, базиран на резултатите од PIRLS 2021.

**Резултати:**

- подготвени се документи за пилот-тестирањето во 2025 година (план на активности до реализацијата на тестирањето, адаптација на меѓународните документи на националните стандарди);
- учество на онлајн-состаноците и други активности на PIRLS-порталот во врска со студијата;
- преведени, лекторирани и одобрени од ИЕА се текстовите и задачите за пилот-тестирањето во 2025 година, на македонски и албански јазик;
- преведени, лекторирани и уредени се прашалниците за учениците, наставниците, директорите и родителите, на македонски и албански јазик, за пилот-тестирањето во 2025 година;
- прибрани се податоци за бројот на учениците од четврто одделение со цел изработка на примерок за тестирањето;

- презентиран е посебен извештај за Балканскиот Регион базиран на резултатите од PIRLS 2021 година на Генералното собрание на ИЕА одржано во септември 2024 година во Грузија. Во изработката на Извештајот учествуваа и претставници од ДИЦ.
- остварена е континуирана комуникација со МОН и ИЕА во врска со студијата.

**• TALIS**

TALIS (Teaching and Learning International Survey) е меѓународното истражување на ОЕЦД за настава и учење. Претставува најголемото меѓународно истражување за наставниците и директорите, работните услови, средините за учење, верувањата и практиките и служи како глобален барометар на наставничката професија.

Во 2024 година се работеше на реализација на главното истражување.

**Резултати:**

- подготвен е софтвер за спроведување на главното TALIS истражување;
- обучени се училишни координатори за спроведување на главното TALIS истражување;
- спроведено е главното TALIS 2024 истражување;
- прибрани се податоци за главното истражување и доставени се до ИЕА;
- прочистени, доставени и прифатени од ИЕА се базите на податоци од спроведеното главно истражување;
- отпочнати се активности за анализа на податоците од главното истражување;
- остварена е редовна комуникација со ИЕА и ОЕЦД во врска со TALIS 2024;
- остварена е редовна комуникација со МОН во врска со TALIS 2024;

**• ICCS**

ICCS (International Civic and Citizenship Education Study) е меѓународна студија со која се оценуваат знаењата, ставовите и ангажманот на осмоодделенците, како и школувањето и наставниот контекст за граѓанското образование. Учеството во ICCS им обезбедува на земјите обемни, компаративни и функционални податоци и индикатори кои помагаат во следењето и обликувањето на образовните политики во овие области. Следниот циклус ICCS 2027 ќе биде во целост дигитално оценување. Овој начин на спроведување се смета за особено соодветен за младите луѓе, имајќи предвид дека тие сè повеќе користат дигитални извори за добивање информации и за нивниот ангажман во граѓанските активности преку социјалните медиуми и интернет-алатките. Податоците од ICCS се препознаени како главен постоечки извор на податоци за индикаторот SDG 4.7.4 на УНЕСКО –процент на ученици по возрасна група (или ниво на образование) кои покажуваат соодветно разбирање на прашањата што се однесуваат на глобалното граѓанство и одржливост.

Во 2024 година се работеше на подготовката на документите за вклучување на РСМ во новиот циклус на студијата ICCS 2027.

**Резултати:**

- остварена е комуникација со ИЕА во врска со условите за учество во студијата, при што беше потпишано Писмо за интерес и Договор за учество од министерот за образование и наука, кој именуваше и национален координатор и национален заменик-координатор на студијата;
- остварена е комуникација со ИЕА за помош при обезбедувањето финансиска поддршка од меѓународната организација EACEA за покривање 75 % од котизацијата за учество на РСМ во студијата;
- учество на вториот меѓународен состанок на националните координатори во Брисел, Белгија, на кој беа разгледани и коригирани првичните верзии на прашалниците и задачите за учениците кои ќе се користат во пробното тестирање во 2026 година.
- остварена е континуирана комуникација со МОН и ИЕА во врска со студијата.

## 5.6. НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Согласно Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2024 година, Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи работеше на изготвување поединечни и општи нормативно-правни акти (одлуки, решенија и наредби) за: плата, престанок на работен однос, службено отсуство, годишен одмор, платено и неплатено отсуство од работа и државните празници, формирање комисии, работни групи, договори и други документи. Исто така, учествуваше во изготвувањето на законски и подзаконски акти, внесување на сите неопходни податоци кои се однесуваат на услугите што ги обезбедува ДИЦ за граѓаните на РСМ во Каталогот на услуги, обуки и оценувања на вработените, а вршеше и административни и општи работи за потребите на Центарот.

**Резултати:**

- спроведени се конкурси, донесени се одлуки, решенија и договори за ангажирање надворешни соработници;
- изготвени се договори за ангажирање лица за вршење повремени работи во ДИЦ;
- изготвени и доставени се прегледи на извршени службени патувања во странство до Владата на РСМ, дописи и одговори на писма добиени од други институции;
- изготвени се договори кои произлегуваат од јавните набавки;
- координација, поставување и архивирање на материјали во системот Е-Влада;
- изготвени се одлуки кои произлегуваат од работата на Управниот одбор на Државниот испитен центар;
- спроведено е полугодишно интервју за административните службеници;
- спроведено е оценување на административните службеници;
- изготвен и доставен е Извештај со ранг-листи на годишните оценки на административните службеници;
- изготвено е решение за надоместок за успешно работење;
- изготвен и доставен е План за вработување административни службеници во Државниот испитен центар за 2024 година;
- изготвен и доставен е План за генерички и специјализирани обуки за 2025 година;
- изготвен и доставен е Извештај за реализација на Планот за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар за 2024 година;
- изготвен и доставен е Извештај за реализација на Планот за генерички и специјализирани обуки за 2024 година;
- изготвен е План за користење на годишниот одмор на вработените во ДИЦ за 2024 година;
- континуирано внесување на измените во податоците за вработените во информацискиот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР);
- изготвени и доставени се до Државниот архив на РСМ – План на архивски знаци за распоредување на актите за 2024 година, Листа на архивски материјал за 2024 година на Државниот испитен центар, Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2024 година, со одлука за нивно однесување;
- доставени се образложенија, материјали, податоци и известувања до:
    - народниот правобранител;
    - Државниот просветен инспекторат;
    - Државниот управен инспекторат.

## 5.7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Во Одделението за финансиски прашања задачите што се планирани со Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2023 година се спроведуваа согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за извршување на буџетот, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за јавните набавки, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и други подзаконски акти од областа на финансиско-материјалното работење.

**Резултати:**

- спроведени се вкупно 15 (петнаесет) јавни набавки од кои:

***6 (шест) јавни набавки за стоки:***

- ✓ гориво за службени возила;
- ✓ канцелариски материјали;
- ✓ тонери;
- ✓ бои и иглици за печатење тестови;
- ✓ компјутерска опрема и друга ИТ-опрема ;
- ✓ средства за хигиена;

***9 (девет) јавни набавки за услуги:***

- ✓ дистрибуција на испитен материјал за државна матура;
- ✓ авиобилети;
- ✓ објава на огласи во дневни весници;
- ✓ изнајмување простор за реализација на обуки;
- ✓ одржување на хигиената во просториите на ДИЦ;
- ✓ поправка и тековно одржување на службените моторни возила;
- ✓ сместување и угостителски услуги за оценувачи на тестови за државна матура;
- ✓ угостителски услуги (ланч-пакети) за оценувачи на државна матура 2023/2024;
- ✓ интернет услуга за две години;
- ✓

***8 јавни набавки до 1 000 евра, од мала вредност:***

- ✓ софтвер за сметководство, благајна, магацинско работење и пресметка на плата;
- ✓ изработка на завршна сметка на ДИЦ за 2024.
- ✓ вода за пиење;
- ✓ DVR-опрема за видеонадзор и поправка;
- ✓ лиценци за Office 365;
- ✓ демонтажа и монтажа на ЛЕД-светилки;
- ✓ систематски преглед за вработените на ДИЦ;
- ✓ рутер;

Исто така, во 2024 година во Одделението за финансиски прашања беше/беа:

- изготвени измени и дополнувања на Планот за јавни набавки за 2024 година;
- исплатени фактури за комунални услуги;
- исплатени фактури по основ на јавни набавки;
- исплатени фактури за надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор;
- исплатени надоместоци за членовите на Државниот матурски одбор;
- исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на државната матура 2023/2024 година;
- исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на меѓународното тестирање PISA;

- исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study);
- исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на TALIS (Teaching and Learning International Survey);
- исплатени надоместоци на членовите на Комисијата за полагање на испит за директор;
- исплатени надоместоци на членовите на Комисијата за полагање стручен испит за наставници и стручни соработници;
- исплатени хонорари за лицата ангажирани како обучувачи;
- направено контирање и книжење на целокупната финансиска документација;
- континуирано водење синтетичка и аналитичка евиденција;
- подигната готовина и извршена исплата на готовина;
- изработени касови извештаи;
- реализиран поврат на средства по основ на уплатени средства за поднесени приговори;
- направени пресметки на плата и изготвување потврди за висината на личниот доход на вработените;
- подготвена пресметка и документација за боледување;
- изготвени статистички извештаи за вработени и плати (Образец Труд - 1);
- направено книговодствено усогласување на извршените пописи;
- направена пресметка на амортизација и ревалоризација;
- изготвен Годишен извештај за остварени бруто-приходи, платен данок и придонеси и вкупна нето-плата и
- изготвени финансиски извештаи и бруто-биланс за изготвување годишна завршна сметка.

## 5.8. ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ

За реализација на активностите предвидени во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2024 година, сите организациски единици учествуваа во обезбедување поддршка за нивно остварување, преку објавување информации на веб-страницата, обезбедување техничка опрема и софтверски решенија, уредување и печатење документи, обезбедување на просториите и опремата на Центарот и слично.

**Резултати:**

- континуирано објавување информации и документи на веб-страницата на Центарот согласно потребите на Центарот;
- континуирано објавување на извештаите од самоевалуацијата на основните и средните училишта на веб-страницата на Центарот;
- континуирано објавување на извештаите од интегралната евалуација на основните и средните училишта на веб-страницата на Центарот;
- континуирано објавување информации и документи на веб-страницата за државната матура;
- набавена и инсталирана е соодветна техничка опрема и соодветни софтверски решенија со цел подобрување на техничките капацитети на Центарот;
- извршено е одржување на компјутерската и мрежната инфраструктура;
- технички уредени и испечатени се сите тековни службени документи на Центарот;
- континуирано примање и заверување административни пратки, одлуки, информации, решенија, договори и други акти во деловодникот, како и класирање поштенски пратки за експедиција.
- континуирано обезбедени се просториите и опремата на Центарот.

## 6. УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ И ДРУГИ НАСТАНИ

Во текот на 2024 година, Државниот испитен центар бележи и активности во врска со учество на конференции, семинари и други настани, и тоа:

- учество во Работната група за Поглавјето 26 „Образование и култура" во рамките на скрининг-процесот за влез на РСМ во ЕУ;
- учество во Секторската работна група за „Образование, вработување и социјална политика";
- учество во IPA III Надзорниот комитет за секторот „Образование, вработување и социјална политика и здравство";
- учество во Консултативно-работната група за „Проектот за подобрување на социјалните услуги" на МТСП и Светска банка;
- учество во Управувачкиот одбор и Надзорниот одбор на Проектот „Зголемување на активноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образование на возрасни" на МОН;
- учество во Надзорниот одбор на Проектот „Квалитетно образование за сите" на Советот на Европа;
- учество во Оперативна координативна група за следење на ИПА-проектот – Подобрување на квалитетот во образованието;
- учество на 58-от и 59-от состанок на Управувачкиот одбор на меѓународната студија PISA;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија PIRLS 2026, во организација на ИЕА;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија TIMSS 2023, во организација на ИЕА;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија TALIS 2024, во организација на ОЕЦД и IEA;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија PISA 2022 и PISA 2025, во организација на ОЕЦД;
- учество на состаноци и обуки за имплементација на меѓународната студија ICCS 2027, во организација на ИЕА;
- излагање на труд на IX конференција „ИНВАЛСИ податоци: алатка за истражување и настава", во Рим, Италија;
- учество во Генералното собрание на ИЕА и презентацијата на посебниот извештај за Балканскиот Регион базиран на резултатите од PIRLS 2021 година во Тбилиси, Грузија;
- учество на регионалната конференција „Еден регион – заедничка визија во образованието" во Белград, Србија на која беше претставена работата на ДИЦ.

## 7. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ

Управниот одбор работеше континуирано во рамките на своите законски надлежности и согласно потребите на институцијата. Во овој период беа одржани вкупно 14 седници, а притоа беа донесени одлуки и подзаконски акти чие значење е суштествено за нормално функционирање на Центарот.

## 8. СОРАБОТКА

Државниот испитен центар во 2024 година континуирано соработуваше со бројни меѓународни и домашни институции, и тоа:

- соработка со ИЕА (International Association for the Evaluation of Educational Achievement), ОЕЦД (Organisation for Economic Co-operation and Development), Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, Канцеларијата на ЕУ во Скопје, Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, УСАИД, МЦГО, Фондацијата „Чекор по чекор", Светска банка и центрите во државите во регионот кои се занимаваат со дејности сродни со дејностите на ДИЦ.
- соработка со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за финансии, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, сите средни и основни училишта, како и високо-образовни и сродни установи и институции во и надвор од државата и др.

**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**

ВД

ДИРЕКТОР

м-р Даниела Јовчевска Михајловска

## ПРИЛОГ: ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2024 ГОДИНА

# ГОДИШЕН

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# ЗА 2024 ГОДИНА

# ЗА

# БУЏЕТСКА СМЕТКА 160026150660319

# И

# СМЕТКА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 160026150678716

**ПРИЛОГ 1 - ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА 160026150660319**

Годишен финансиски извештај - Детален финансиски извештај за буџетската сметка 160026150660319

**ПРИЛОГ 2 – ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА 160026150660319**

Годишен финансиски извештај по програми

**ПРИЛОГ 3 – ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СМЕТКАТА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 160026150678716**

Годишен финансиски извештај - Детален финансиски извештај за сметка самофинансирачки активности 160026150678716

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 05-83/1
23.01.25
Скопје-Shkup

**Прилог 1**

**Годишен финансиски извештај - Детален финансиски извештај за буџетската сметка 160026150660319 од 01.01.2024 до 31.12.2024**
**Согласно извод број 83 од 24.12.2024 година**

| | Реализирани | Ребаланс На Буџет 2024 година |
|---|---|---|
| **401 - Основни плати за вработени** | **14,883,683.00** | **14,883,683.00** |
| 401120 - *основни плати - државни службеници* | 13,680,151.00 | |
| 401310 - *персонален данок на доход од плата* | 1,170,592.00 | |
| 401320 - *персонален данок на доход од надоместоци* | 32,940.00 | |
| **402 - Придонеси за социјално осигурување** | **5,803,186.00** | **5,803,186.00** |
| 402110 - *основен придонес за Пиом* | 3,896,438.00 | |
| 402210 - *основен придонес за здравствено осигурување* | 1,554,425.00 | |
| 402220 - *основен придонес за професионално заболување* | 103,629.00 | |
| 402310 - *основен придонес до Агенцијата за вработување* | 248,694.00 | |
| **404 - Надоместоци** | **296,568.00** | **296,568.00** |
| 404110 - *надоместоци за годишен одмор* | 296,568.00 | |
| **420 - Патни и дневни расходи** | **597,008.00** | **600,000.00** |
| 420120 - *патување во земјата патни расходи* | 79,928.00 | |
| 420210 - *патување во странство (дневници)* | 25,833.00 | |
| 420220 - *патување во странство патни расходи* | 491,247.00 | |
| **421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **751,737.00** | **800,000.00** |
| 421120 - *водовод и канализација* | 98,947.00 | |
| 421190 - *други комунални такси* | 2,058.00 | |
| 421210 - *централно греење* | 343,870.00 | |
| 421310 - *пошта* | 81,899.00 | |
| 421320 - *телефон и телефакс* | 154,240.00 | |
| 421390 - *други трошоци за комунукација (интернет)* | 20,580.00 | |
| 421410 - *горива и масла* | 45,693.00 | |
| 421420 - *регистрација на моторни возила* | 4,450.00 | |
| **423 - Материјали и ситен инвентар** | **1,999,761.00** | **2,000,000.00** |
| 423110 - *канцелариски материјали* | 1,736,618.00 | |
| 423410 - *прехрамбени продукти и пијалоци* | 77,560.00 | |
| 423710 - *средства за одржување на хигиена* | 110,957.00 | |
| 423990 - *други материјали* | 74,626.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **424 - Поправки и тековно одржување** | 690,870.00 | 700,000.00 |
| 424110 - *поправка и сервисирање на лесни возила* | 25,876.00 | |
| 424210 - *одржување на згради* | 343,167.00 | |
| 424410 - *поправки и одржување на мебел* | 32,297.00 | |
| 424420 - *поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема* | 90,492.00 | |
| 424430 - *поправка и одржување на машини* | 56,487.00 | |
| 424440 - *поправка и одржување на друга опрема* | 142,551.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **425 - Договорни услуги** | 8,996,456.00 | 9,125,000.00 |
| 425260 - *осигурување на моторни возила* | 4,465.00 | |
| 425420 - *примарна здравствена заштита* | 21,600.00 | |
| 425740 - *дополнителни активности* | 1,441,404.00 | |
| 425760 - *превоз на услуги во образованието* | 996,085.00 | |
| 425790 - *други образовни услуги* | 3,334,666.00 | |
| 425990 - *други договорни услуги* | 3,198,236.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **426 - Други тековни расходи** | 21,059,183.00 | 21,060,000.00 |
| 426110 - *членарина во меѓународни организации* | 20,734,776.00 | |
| 426120 - *членарина* | 18,752.00 | |
| 426210 - *расходи за репрезентација* | 7,572.00 | |
| 426310 - *семинари и конференции* | 41,300.00 | |
| 426410 - *објавување на огласи* | 66,213.00 | |
| 426990 - *други оперативни расходи* | 190,570.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **464 - Разни трансвери** | 69,939.00 | 70,000.00 |
| 464990 - *други трансвери* | 69,939.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **485 - Вложувања и нефинансиски средства** | 103,740.00 | 200,000.00 |
| 485220 - *вложувања и нефинансиски средства* | 51,870.00 | |
| 485230 - *компјутерски софтвер* | 51,870.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| ***Вкупно за плати и материјални трошоци*** | **55,252,131.00** | **55,538,437.00** |

Изготвил - Иван Петрушевски

Контролирал - Илир Синани

в.д ДИРЕКТОР

м-р Даниела Јовчевска Михајловска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
бр.-Nr. 05-83/3
23-01-25

ПРИЛОГ - 3

Годишен финансиски извештај - Детален финансиски извештај за сметка самофинансирачки активности 160026150678716 од 01.01.2024 до 31.12.2024

согласно последниот извод бр. 190 од 24.12.2024

| | Реализирани | Буџет 2024 година |
|---|---|---|
| **401 - Основни плати за вработени** | 1,402,698.00 | 1,402,698.00 |
| *401120 - основни плати - државни службеници* | 883,617.00 | |
| *401130 - плати други вработени* | 378,445.00 | |
| *401310 - персонален данок на доход од плата* | 140,636.00 | |
| **402 - Придонеси за социјално осигурување** | 546,899.00 | 546,899.00 |
| *402110 - основен придонес за Пиом* | 367,197.00 | |
| *402210 - основен придонес за здравствено осигурување* | 146,482.00 | |
| *402220 - основен придонес за професионално заболување* | 9,763.00 | |
| *402310 - основен придонес до Агенцијата за вработување* | 23,457.00 | |
| **420 - Патни и дневни расходи** | 256,406.00 | 300,000.00 |
| *420120 - патување во земјата патни расходи* | 21,407.00 | |
| *420220 - патување во странство патни расходи* | 234,999.00 | |
| **421 - комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2,058.00 | 500,000.00 |
| *421390 - другу трошоци за комуникација (интернет)* | 2,058.00 | |
| **423 - Материјали и ситен инвертар** | 423,921.00 | 700,000.00 |
| *423110 - канцелариски материјали* | 414,921.00 | |
| *423990 - други материјали* | 9,000.00 | |
| **424 - Поправки и тековно одржување** | 150,301.00 | 500,000.00 |
| *424210 - одржување на згради* | 88,323.00 | |
| *424420 - поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема* | 4,720.00 | |
| *424430 - поправка и одржување на машини* | 57,258.00 | |
| **425 - Договорни услуги** | 4,491,800.00 | 4,500,000.00 |
| *425130 - изнајмување на друг вид на простор* | 1,678,976.00 | |
| *425790 - други образовни услуги* | 2,121,466.00 | |
| *425990 - други образовни услуги* | 691,358.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **426 - Други тековни расходи** | 342,116.00 | 500,000.00 |
| 426120 - *членарина* | 16,190.00 | |
| 426210 - *расходи за репрезентација* | 48,000.00 | |
| 426410 - *објавување на огласи - конкурси* | 168,104.00 | |
| 426990 - *други оперативни расходи* | 109,822.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **480 - Купување информатичка и видео опрема** | 515,196.00 | 1,500,000.00 |
| 480140 - *купување на информатичка и видео опрема* | 302,230.00 | |
| *480290 - купување на опрема и машини* | 212,966.00 | |

| | | |
|---|---|---|
| **482 - Други градежни објекти** | 0.00 | 100,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **485 - Вложувања и нефинансиски средства** | 0.00 | 400,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни расходи** | 8,131,395.00 | 10,949,597.00 |

| | |
|---|---|
| **723 - Такси и надоместоци (ПРИХОДИ)** | 7,913,289.00 |
| | 7,913,289.00 |

**в.д. ДИРЕКТОР**
**м-р Даниела Јовчевска Михајловска**

Изготвил - Иван Петрушевски
Контролирал - Илир Синани

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 05-83/2
23-01-25

Прилог- 2

## ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ПО ПРОГРАМИ ЗА 2024 ГОДИНА
### Буџетска сметка 160026150660319
### согласно извод бр. 83 од 24.12.2024 година

Програма 30-Подготовка и реализација на Државна матура

| Ставка | Реализација | Ребаланс на Буџет 2024 година |
|---|---|---|
| 401 - основни плати за вработени | 14,883,683.00 | 14,883,683.00 |
| 402 - основни придонеси за вработени | 5,803,186.00 | 5,803,186.00 |
| 404 - надоместоци | 296,568.00 | 296,568.00 |
| 420 - патни и дневни расходи | 297,008.00 | 300,000.00 |
| 421 - комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 751,737.00 | 800,000.00 |
| 423 - материјали и ситен инвентар | 1,999,761.00 | 2,000,000.00 |
| 424 - поправки и тековно одржување | 690,870.00 | 700,000.00 |
| 425 - договорни услуги | 8,579,368.00 | 8,585,000.00 |
| 426 - други тековни услуги | 99,905.00 | 100,000.00 |
| 464 - разни трансвери | 69,939.00 | 70,000.00 |
| 485 - вложувања и нефинансиски средстoa | 103,740.00 | 200,000.00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | 33,575,765.00 | 33,738,437.00 |

Програма 32-Меѓународни тестирања

| Ставка | Реализација | Ребаланс на Буџет 2024 година |
|---|---|---|
| 420 - патни и дневни расходи | 300,000.00 | 300,000.00 |
| 425 - договорни услуги | 417,088.00 | 420,000.00 |
| 426 - други тековни расходи | 20,959,278.00 | 20,960,000.00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | 21,676,366.00 | 21,680,000.00 |

Програма 33 - Национално тестирање

| Ставка | Реализација | Ребаланс на Буџет 2024 година |
|---|---|---|
| 425 - договорни услуги | 0.00 | 120,000.00 |

Изготвил:
Иван Петрушевски
Контролирал:
Илир Синани

в.д. ДИРЕКТОР
М-р Даниела Јовчевска Михајловска

Врз основа на членот 7 ставот 1 алинејата 4 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), во врска со членот 13 ставот 1 алинејата 11 и членот 14 ставот 7 од Статутот на Државниот испитен центар бр.01-9/1 од 23.11.2009 година, бр.02-34/1 од 14.1.2011 година и бр.01-228/2 од 6.5.2015 година, Управниот одбор на Државниот испитен центар на ***185-та седница***, одржана на ден **27.1.2025** година, донесе:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 02-88/2
27.01. 2025 год.-vit
Скопје-Shkup

# ОДЛУКА

***за донесување на Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2024 година и Финансискиот извештај на Државниот испитен центар за 2024 година***

1. Со оваа одлука се донесува Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2024 година и Годишниот финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2024 година, составен дел на истиот.

2. Се задолжуваат службите на Државниот испитен центар Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2024 година и Годишниот финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2024 година, составен дел на истиот, да го достават до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука, најдоцна до ***31.1.2025 година***.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Согласно членот 7 ставот 1 алинејата 4 од Законот за Државниот испитен центар и членот 13 ставот 1 алинејата 11 од Статутот на Државниот испитен центар, Управниот одбор на Државниот испитен центар го донесува Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар и го доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија, најдоцна до 31 јануари.

На седницата одржана на ден 27.1.2025 година, Управниот одбор го разгледа текстот на Предлог-извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2024 година бр.01-88/1 од 24.1.2025 година и Годишниот финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2024 година бр.05-83/1 од 23.1.2025 година, составен дел на истиот, донесени од страна на в. д. директорот на ДИЦ.

**Со оглед на горенаведеното, присутните членови на Управниот одбор едногласно го донесоа Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2024 година и Годишниот финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2024 година.**

Претседател на Управниот одбор на
Државниот испитен центар,

*Hikmete Selmani*